Д-р Ѓорѓи ТОНОВСКИ

## СОЦИЈАЛНИ ФУНКЦИИ НА ТУРИЗМОТ

Туризмот во неговата масовна форма е феномен на модерното време. Иако почетоците на неговото појавување и практицирање досегнуваат длабоко наназад во човековата историја, тој сепак својата најголема афирмација ја доживува во последните децении на 20-от век како резултат на вкупните општествени промени кои речиси од темел го видоизменија општеството и светот во кој живееме. Туризмот настана како резултат на бројни фактори кои се појавија во општественото битие под притисок на општествените законитости. Овие фактори се многубројни, но некои од нив имаат своја доминантна улога во настанувањето на туризмот, како на пример: демократизацијата и хуманизацијата на општествениот живот и трудот; големата урбанизација на просторот; појавата и зголемувањето на квантумот на слободното време и слободни финансиски средства; загаденоста на животната и работната средина и слично. Сето тоа ја обуслови ориентацијата на современиот човек кон туристичките движења со цел преку патувањето и одморот тој да ги обнови своите психофизички потенцијали и да го оствари својот неопходен контакт со природата.

Претворајќи се во потреба на луѓето туризмот сѐ повеќе се афирмира себеси како *значајна општествена појава* која има свое јасно место во општествената структура и свои *валидни и валоризирани социјални функции.* Притоа, *основната насоченост на овие социјални функции на туризмот е кон обезбедување на поголем квалитет на човековиот живот и на општеството во целина.* Меѓутоа кај истражувачите на туризмот и кај пошироката општествена и туристичка публика во врска со социјалните функции на туризмот се идентификуваат бројни прашања, и тоа: каква е полезноста или неполезноста од туризмот; оправданоста или неоправданоста од неговото постоење и развој; какви последици тој предизвикува во животот на луѓето и општествата во различните земји, како и врз екосистемот; каква е неговата релација со процесот на акултурација; каков е квалитетот и начинот на неговото организирање и реализирање, и слично. Во овој контекст, реакциите и размислувањата за туризмот се движат во еден широк дијапазон: од една страна, е неговата апологија, афирмација и глорификација, од друга страна, неговото потполно негирање или, од трета страна, барањето за

негова поинаква поставеност и дуистрибуција во светскиот простор. Ваквите различни гледања за социјалните функции на туризмот се отприлика формулирани низ тезите дека:

– туризмот е во функција на ревитализацијата на заморениот човек на цивилизацијата;

– туризмот е "пасош на мирот", односно тој создава можност за меѓусебно срекавање и запознавање на луѓето ширум светот. Со тоа тој придонесува во светската интеграција и кохезија на човековото општество;

– туризмот има своја позитивна намена во насока на стопански и општоопштествен развој на земјите кои се туристички атрактивни;

– туризмот има значајна културна мисија. Тој придонесува пооделни култури да се сретнуваат една со друга и низ процесот на акултурација меѓусебно да се надополнуваат со што се постигнува повисоко културно и цивилизациско ниво на светската заедница;

– туризмот е скверневење на светите антички места;

– туризмот може да се споредува со навалата на варварите врз културните народи и средини;

– туристичките групи можат да се поистоветат со "златни орди";

– туризмот е "уништувач на просторот";

– туризмот е уништувач на традициите и на кулурните специфики на помалку развиените народи и на обезличување на нивните култури; тој е нешто што води кон културна униформност на светот, итн.

Меѓутоа, без разлика како тој се третира, туризмот е објективно присутен факт и феномен на новото време. Туризмот може да се напаѓа и да се брани, да се игнорира, и да се афирмира, да се глорифицира и да се негира, но тој не може да се елиминира. Луѓето секојдневно масовно патуваат предизвикани од различни потреби и мотиви и тој број на секој нов степен од општествениот развој постојано се зголемува. Тој стана неодминлив, реално присутен и значаен општествен феномен, особено во модерното општество со сите негови компоненти кои, во споредба со поранешните општества, го радикализираат животот на современиот човек. Туризмот е белег за една битна димензија на современиот човек и него го специфицира, покрај другите познати специфики, и како *хомо туристикус.* Едноставно, туризмот веќе стана составен дел на културата на луѓето во светот и во себе содржи бројни активности кои ја чинат неговата содржина. "*Кога размислуваме за туризмот, ние ги имаме предвид луѓето кои посетуваат*

*определени места за да ги разгледуваат знаменитостите, да ги посетуваат своите пријатели и роднини, да одат на одмор, и да се забавуваат. Тие можат да го минуваат своето ослободно време занимавајќи се со разни спортови, во капење и сончање разговарајќи, пеејќи, возејќи се, патувајќи, читајќи, или едноставно уживајќи во околината. Натаму, во нашата дефиниција можеме да ги вклучиме луѓето кои учествуваат на конвенција, на деловен состанок, или во некои други деловни или професионални активности, како и оние кои патуваат на стручно усовршување, научно истражување или студиски престој".*[1] Ваквата дефиниција упатува дека туризмот има комплексни социјални функции кои се поврзани со еден специфичен аспект од животот на луѓето, а тоа е времето кога тие си припаѓаат себеси и им се препуштаат на активности кои ги задоволуваат нивните желби и потреби што се надвор од "сферата на нужноста" (Маркс), т.е. од сферата на трудот и секојдневните обврски врзани за "егзистенцијалните суровости" (Есценбергер). Тоа е сферата на ослободеното време, која се преточува во најголем дел во сферата на туризмот.

Туризмот е составен од бројни содржини, елементи, субјекти, дејности, односи, активности, институции, организации, итн. Ваквата комплексност на извесен начин го усложнува неговото теоретско определување, а со тоа и осветлувањето на неговите социјални функции. Како што наведува Гофри Годби нема единствено теоретско објаснување кое може да ги објасни севкупните збиднувања во сферата на туризмот. Но постојат неколку прифатени објаснувања за него. Туризмот се определува: како можност за необично (несекојдневно) однесување на луѓето; како игра; како потрага по автентичност; како односи помеѓу странците; како форма на империјализам; како потрага по задоволства; како желба за анонимност или како остварување на фантазиите.[2]

Меѓутоа, мислам дека при определувањето на суштината на туризмот и на неговите социјални финкции се оцртуваат две глобални насоки на размислување:

– *првата глобална насока на размислување* туризмот го третира доста симплифицирано. Тој е нешто што е краткотрајно и без посложени општествени релации и последици, односно појава исполнета со активности кои имаат една едноставна цел – да се одмори човекот и од тоа да се "направат пари". Туризмот се сведува на забава, одмор, сончање, лежерни активности и правење пари, односно тој нема некакви посериозни социјални фукции. Ваквото определување на туризмот е наједноставно изразено низ формулата

за четири С: сонце, сол, сурфирање и секс. Значи, суштината на туризмот се исцрпува во неговата моќ да создава профит и во неговата "играчка" компонента;

– *втората глобална насока на размислување* туризмот го третира многу посериозно и покомплексно. Таа не негира дека туризмот е и "игра" и профит. Но, тој е и нешто повеќе од тоа. Според овој приод туризмот е објективно постоечка, јасно издиференцирана, автономна општествена појава која е подложна на законитостите на социјалната динамика. Тој има свое место, улога и влијание во и врз општествената структура, предизвикува бројни позитивни и негативни појави, процеси, односи, последици и има свои социјални функции. Во своето егзистирање, менување и развој, во сферата на туризмот, покрај општите општествени законитости, почнуваа да делуваат и нему именентни посебни законитости. Тој трпи влијание од општеството, но и се одразува врз севкупното општествено живеење на локален и светски план, кај туристите и кај реципиентите. Покрај активностите за одмор, забава, рекреација и слично, туризмот го претпоставува привременото менување на местото на живеење, на сопствената социјална средина. При ова менување човекот се впушта во нови поинакви социјални односи, влегува во процесот на акултурација и му дава нов печат на процесот на социјална интеракција и социјална кохезија на одделните општества во регионите и на светот во целина. Бројот на оваа туристичка популација (маса) секоја година станува сé поголем со тенденција на натамошен несопирлив раст. Тоа значи дека туризмот е веќе светски процес и однос: привременото менување на социјалната средина и влегувањето на човекот во нови поинакви социјални односи веќе стана закономерност на општественото живеење и развој. Овој факт го предизвика научното љубопитство па туризмот стана предмет на интерес и на активност на научното истражување. Тоа беше крунисано со појава на низа специјализирани научни дисциплини кои се обидуваат да ги осветлат сите аспекти на туризмот. Најнов истражувачки напор на овој план е оној на социологијата на туризмот, како специјализираната социолошка дисциплина.

Фактот дека туризмот претставува објективно постоечка, јасно издиференцирана, автономна општествена појава и специфичен општествен однос, го апострофира и заклучокот дека тој има свои специфични социјални функции кои ја потврдуваат неговата општествена валидност и неопходноста од неговото постоење и натамошен развој. Искуството и научното промислување потврдуваат дека најзначајни социјални функции на туризмот би биле:

**Културна функција.** Современите теории за туризмот во последно време сé повеќе внимание му посветуваат на социокултурните и социопсихолошките аспекти на овој сложен и повеќедимензионален општествен феномен. Нивните истражувања недвосмислено покажуваат дека културната функција е една од неговите позначајни социјални функции. Културната функција на туризмот најдобро се манифестира преку т.н. процес на акултурација, односно преку допирот на различните култури кои се присутни во туристичкиот процес (а чии носители се туристот и реципиентот), од една страна, како и последиците што произлегуваат од контакт во културата и на туристите и на реципиентото население, од друга страна. Всушност, целиот културен систем (пред сé на помалку развиените средини) под влијание на туризмот е подложен на трансфорации кои најчесто се на цивилизациската патека и современите културни трендови во светот.

Во туризмот културата дејствува во две основни димензии: *субјективна* – условена со степенот на културната мотивација на единката која е субјект на туристичкиот чин и *објективна* – условена со степенот на атрактивноста на избраната дестинација.

Генерални констатации, кога се размислува за односот помеѓу туризмот и културата, би биле дека: 1. културната функција е една од најзначајните функции на туризмот. Културните вредности се генератори на туристичките патувања, бидејќи луѓето преку туризмот сакаат да ги задоволат своите културни потреби; 2. туризмот овозможува допир помеѓу различните култури. Со тоа, од една страна, во пониско развиената култура се внесуваат елементи на повисокоразвиената култура и, од друга страна, се придонесува во збогатувањето на општата култура со различните вредности и искуства во светот; 3. меѓутоа, туризмот може и негативно да влијае врз културата на реципиентното население. Модернизацијата на културата на реципиентното население може да биде проследена со некритичко преземање на негативни елементи и нивно лошо копирање, како и со разорување на бројни традиционални и специфични вредности на културата на реципиентното население со што таа култура може да се деградира до нивото на кич;

**Еколошка функција.** Карактеристика на еколошката средина во денешно време е нејзиниот висок степен на "историзираност" (Маркс). Човекот стана дефинитивен господар на светот и печатот на неговата рака (практичната дејност) се чувствува во сите делови на природната средина. Истовремено, тој ја презеде во свои раце одговорноста за судбината на светот и обврската за

неговиот натамошен развој кој мора да биде во функција на обезбедување на натамошниот прогресивен развој и егзистенција на човечкиот род. Во оваа насока човештвото има одговорност и обврска да го дефинира прогресивно својот однос кон просторот (на кој начин и за што тој простор подетално ќе се искористува и употребува), како и својот однос кон флората и фауната кои во овој момент се наоѓаат на сериозно ниво од загрозеност на нивниот опстанок. Човекот мора да дефинира до каде ќе се распростира неговиот свет, а каде ќе започнува недопирнатиот и слободен свет на останатите живи суштества кои претставуваат составен и нераскинлив дел на неговото бивствување. Очигледно е дека судбината на лавовите, слоновите, тигрите, птиците, растенијата итн. е во рацете на човекот. Природата во која човекот опстојува може да биде плодотворна за неговата исконска потреба од контакт со неа само доколку тој живее заедно со другите а не осамен на планетата. Осаменоста во свет во кој постои единствено и човекот сам би значела крај на неговото постоење. Тој би се изгубил во длабочините на сивилото и едноличноста која би настапила на земјината топка. Различноста е во основата на светот и таа треба да се негува. И самиот туризам почива врз таа различност од простори, флора и фауна, етноси, култури итн. Тој истовремено е заинтересиран за опстојување на таа различност, зашто таа ги привлекува туристите.

Туризмот опстојува во пределот на "историзираната" природа. Впрочем, денес постојат малку места во светот врз кои не е втиснат печатот на човековата рака, на човековата практична дејност. Од тоа во колкава мера таа дејност била благотворна или неблаготворна зависи и туристичката атрактивност. Оттука, вистинскиот хуман туризам мора да води сметка и да придонесува, од една страна, за рационалната употреба и искористеност на просторот и, од друга страна, за унапредување и зачувување на просторот со сите негови компоненти кои го сочинуваат човековиот свет. Во оваа смисла, туризмот е тесно поврзан со еколошката проблематика. Еколошката незагаденост на природните и општествените туристички ресурси е еден од факторите и мотивите некое место да биде атрактивно за туристичка посета. Туризмот истовремено е фактор на искористување, но и фактор на зачувување и возобновување на екологијата. Туризмот и неговите посленици се живо заинтересирани за еколошката ситуација во својата средина. Колку еколошката слика на некое место е подобра толку се поголеми и изгледите за привлекување на што поголем број посетители во тоа место.

Некои автори за туризмот зборуваат како за "уништувач на просторот", како за појава која го нарушува, го менува, па и го обезличува природниот амбиент под притисок на "туиристичките орди" кои од своја страна ја наметнуваат потребата од урбанизација на природниот простор за изградба на туристичко-сместувачки капацитети. Со тоа, според нив, од природата постепено исчезнува егзотичното и исконското. Ваквото гледање, кое во основата е носталгично (жал за минатите времиња, состојби и традиции на земјината топка), е делумно точно, бидејќи современиот свет веќе има сосема поинаква демографска, културна и цивилизациска структура. Под притисок на многубројната популација која секојдневно сé повеќе ја освојува пприродата со цел да обезбеди животен простор, високиот степен на урбаниозација кој се протега и до најодалечените предели на земјината топка, силниот процес на интеграција на современиот свет, како и високоразвиените сообраќајни средства, географскиот простор станува мал, познат, виден. Значаен дел од тој простор е претворен во туристички места кои служат за привремено бегство од вообичаеното и динамично секојдневие. Туристичката нога веќе го изодува својот затворен круг. Буквало веќе тешко може да се посочи место на земјината топка на кое не стапнала човечка нога и нема траги од човековата активност. Туристите одат и повторно се навраќаат на истите туристички места. Големиот број на светската популација, развиените средства за сообраќај, како и незгасливата желба на луѓето да го запознаат светот во кој живеат придонесоа денес повеќе да не постои непознато место. Впрочем светот е толкав колкав што е. Надвор од него не постои место каде човекот ќе се рекреира, остварувајќи го својот нужен контакт со природата. А тоа не може да биде привилегија само на определен мал број на луѓе. Демократизирањето на туристичкиот процес значи и масовно вклучување на светската популација во него. Очигледно е дека романтичарските претстави за недопрената природа, за можни авантури во непознати предели, за посета на непознати етноси на земјината топка се само минато. Непознатото, невиденото е преселено кон другите светови, но не знаеме кога тоа непознато, невидено ќе му биде понудено на масовното човеково љубопитство. Засега тоа е се уште на нивото на научите истражувања и хипотези за можните други светови и други цивилизации. Феноменално брзиот општествен развој што се случи во последните два века придонесе за надминување на непознатото, невиденото. Современиот свет од аспек на туристичките ресурси е веќе прочитана книга. Човекот денес може повторно да го види само познатото. Непознато повеќе

нема, со исклучок можеби на делови од прашумите на Амазон или Северниот и Јужниот пол.

**Функција на "култиватор на просторот" и на "реаниматор на просторот".** Оваа функција на туризмот е во блиска врска со еколошката функција. Туризмот се јавува и како "култиватор на просторот". Бројни места кои немаа никаква намена, односно беа "диви" и некултивирани, под влијание на човековата потреба за одмор и за привремено бегство од градот и вообичаеното секојдневие го изменија својот лик и се претворија во прекрасни места за одмор и рекреација. Со тоа тие места се отворија за човекот, станаа достапни за него. Модата на викенд-куќичките го афирмира туризмот и како своевиден "реаниматор на просторот". Тоа особено се чувствува во македонската практика. Имено, туризмот во значителена мерка придонесе многу напуштени и растурени села повторно да заживеат, во најмала рака барем преку викендите но и за време на годишните одмори. Луѓето ги обновуваат своите разрушени огништа со што селата кои беа останале без живот во себе сега се реанимираат. Со тоа човекот ги задоволува и своите потреби од одмор но ја задоволува и својата носталгија по родниот крај. На тој начин се отвораат и можностите за развој и опстојување на т.н. "селски туризам" како еден од основните видови туризам;

**Функција на "проширувач на просторот".** Секој човек својот живот го поминува во определена населба и во конкретно заокружено општество. Патувањето, туризмот го проширува барем привремено овој познат и секојдневен хоризонт и простор. Тој му овозможува на човекот преку патувањето да го запознае останатиот дел од светот, свет кој се наоѓа надвор од неговата најнепосредна животна средина. Туризмот е можност секој човек да види што повеќе свет, што повеќе конкретни и специфични манифестации на животот во објективната и општествената стварност. Со тоа светот станува поблизок до индивидуата и кај неа се развива чувството на граѓанин и припадник на светот. Туризмот го приближува светот до конкретниот поединец, ги чини за него достапни и најодалечените предели на природата и општествениот живот и труд;

**Спознајна функција.** Туризмот не е само рекреација и релаксација. Тој му овозможува на човекот да ги проширува своите сознанија за другите и за себе, за светот во кој живее и воопшто за самиот живот; за достигањата на планот на креацијата од сите видови (архитектура, сликарство, итн.) на луѓето од поранешните времиња и од современата историја; да ги компарира вредностите, па предностите на различните култури; да ја збогатува и сопствената култура и сопствената личност. Оваа функција е поврзана и со

едукацијата на луѓето; нивната социјализација; учењето и прифаќањето на манири карактеристични за однесувањето на луѓето во туристичкиот процес, како специфичен општествен процес;

**Пропагандна функција.** Туризмот дава можности преку посетителите да се пропагираат квалитетите на определени општествени устројства; определени модели на култура; определени идеи; определени нивоа на стандард; определена мода; определени индустриски производи. Контактот помеѓу туристите и рецепиентното население според својата природа не е неутрален и имперсонален. Во тој контакт се развиваат различни видови на односи и појави кои не ги оставаат незаинтересирани ниту туристите ниту рецепиентното население. При одвивањето на овие односи и појави луѓето се запознаваат меѓусебно, разменуваат и притоа не остануваат рамнодушни на презентираните содржини и сфаќања од една и друга страна за модата, начинот на животот, определени места или пошироки географски простори, идеи, општествени уредувања, поимањето и практицирањето на слободата и демократијата, итн. Дури и многу спортови својата популарност му ја должуваат токму на оваа моќ на туризмот свесно или несвесно да ги пропагира нештата кон рецепиентното население или од него кон туристите;

**Интегративна функција.** И покрај сите пропратни негативни појави кои го следат одвивањето на туристичкиот процес (појавите на т.н. контракултура), туризмот во основа е интегрирачки елемент. Преку туристичките движења луѓето се дружат меѓу себе. Тој придонесува во запознавањето и зближувањето на луѓето како на регионално така и на светско ниво. Колку се поголеми контактите помеѓу луѓето толку се поголеми и можностите за надминување на било какви граници и бариери меѓу општествата и меѓу народите. Туристичките движења имаат свој удел во тоа уривање и надминување на автархичните елементи во односите помеѓу државите. Некои туризмот го нарекуваат и "пасош на мирот". Контактот и комуникацијата што луѓето ги остваруваат со посредство на туризмот придонесуваат кон силниот процес на интегрирање на светот во една целина во која бројни проблеми стануваат грижа и преокупација на целокупната светска заедница;

**Функција на социјални промени.** Туризмот станува фактор на процесот на социјални промени. Тој е составен дел на општествената структура па со самото тоа и самиот е подложен на делувањето на општествените законитости. Во сферата на туризмот делуваат општите општествени законитости, но стекнувањето на неговата релативна автономност во рамките на општествената

структура е поврзано и со дејствување на посебни законитости кои се однесуваат на појавите, процесите и односите кои се карактеристични за самиот туризам како релативно самостојна општествена појава. Меѓутоа, законитост на севкупниот општествен развој е постојаната тенденција на социјални промени кои генерално тендираат кон прогресивното. Оттука, туризмот како општествена појава е, од една страна, резултат на таквите општествени промени, а, од друга страна, во моментот кога се стабилизира како неодминлив дел на културата, и самиот се јавува како фактор на социјалните промени во определени средини и на светот во целина. Ниту светот ниту поодделни средини не изгледаат исто после појавата на првите туристи. Кај бројни населби и народи во светот се видливи промените што настанаа под налетот и притисокот на туризмот. Тој го носи новото во себе секаде каде што е присутен без разлика дали се работи за позитивно или негативно ново. Во секој случај го разбива анахроното и неконстантното во културите; произведува островца на светското во туристичките средини (на пример, супермодерно уреден хотел или дискотека во помалку развиено туристичко место). Значи, туризмот се јавува како фактор на социјалните промени, но и самиот е производ на несопирливиот процес на социјални промени. "Туризмот внесува промени во животот на оние кои живеат во подрачјата што станале туристички места, често дури и фундаментални промени. Ова е особено случај кога домаќините и гостите меѓусебно се разликуваат во нивните култури, технологија или економски ресурси. Жителите на Хаваи, фармерите во Ирска, Амишите во Пенсилванија, или жителите на Коста дел Сол можат да забележат дека туристичката посета води кон промени во разновидноста на храната и нејзината цена во локалните продавници или ресторани, во сферата на јазикот или јазиците што се зборуваат во нивната заедница, во определувањето на тоа што е или не е етичко или значајно, како и во видовите на работните места што тие ги извршуваат. Туризмот може да донесе промени што ги посакува културата на домаќините, како на пример отворање на работни места, подобрување на сообраќајот и нови технологии... Туризмот произведува промени. Тој го менува туристот, туристичкото место и економијата на туристичкото место".[3]

**Развојна функција.** Со помош на туризмот во туристичките места се обезбедува општествен, економски, културен и политички развој;

**Нормативна функција.** Секој човеков ангажман во општеството во врска со однесувањето на луѓето кон другите луѓе или во определени ситуации е нормален. На тој начин се остварува

општествената кохезија и се обезбедува социјабилитетот. Кога станува збор за сферата на туризмот можеме да разликуваме две состојби на нормирање: прво, туризмот наметнува определен начин на однесување на туристите, одредени норми на однесување во туристичкиот процес – во него се формираат определени обичаи и правила кои се однесуваат на сите аспекти од однесувањето на туристите (во врска со исхраната, модата на облекување, начинот на однесување во и на туристичката група итн.) и второ, сферата на туризмот е "покриена" со определени закони кои ги регулираат односите во туризмот, односите и обврските на субјектите на туристичкиот процес (туристичките групи, индивидуите – туристи, туристичките и хотелско-угостителските организации, па и рецепиентното население). Без овие норми процесот на туризмот би се одвивал анархично и би ја уизгубил својата цивилизациско-хуанистичка смисла;

**Функција на остварување на специфични социјални, групни и индивидуални цели и интереси.** Во сферата на ослободеното време се остваруваат специфични социјални, групни и индивидуални цели и интереси. Во неа човекот се препушта на самиот себе и се занимава со активности кои се одраз на неговата слободна волја. Тука е исклучен притисокот на секојдневието. "Ослободеното време егзистира во околности на релативна ослободеност на човекот од притисокот на надворешните сили на определената култура и физичко опкружување, така што на човекот му се овозможува во своите активности да се раководи според своите внатрешни слободни пориви кои се во согласност со она што му причинува лично задоволство, интуитивно е вредно, и создава основа за верба во себе".[4] Цел на секое демократско општество е личната среќа на секој негов припадник. Интерес е на таквото општество да обезбедува услови за квалитетен живот на луѓето, за непречено изразување на нивната автономност, гордост и достоинство. Покрај другото, тоа претпоставува и создавање можности за нивна рекреација и релаксација, а тоа во најголем дел се остварува преку туризмот. Со цел да се задоволат своите туристички цели и интереси луѓето формираат туристички групи или пак патуваат индивидуално. Промените што се случуваат во високоразвиениот свет уште повеќе го актуелизираат прашањето на искористувањето на ослободеното време кое енормно и брзо се зголемува, а со тоа уште повеќе го актуелизираат и прашањето на туризмот како еден од најафирмираните начини на тоа искористување. Во една студија за УНЕСКО од 1991 година некои автори од Европската заедница пишуваат дека во современото општество

се случува пресврт во сферата на човековите вредности од т.н. материјални вредности кон т.н. пост-материјални вредности. Според нив односот помеѓу времето на работата и слободното време во иднина ќе се измени. 38 часовната работна недела веќе означи дека слободното време (за прв пат во човековата историја и во историјата на индустријализираното општество) станува подолго отколку работното време. Експертите сметаат дека индустриското општество ќе се трансформира во т.н. општество на вонработно време. Тоа ќе се случи околу 2010-та година. Слободното време во текот на годината ќе порасне до 2.300 часови, а бројот на работните часови ќе опадне на 1.600 часови. Исто така, трудот ќе ја изгуби својата вредност како израз на човекова целосообразна активност. Тој ќе се појави во нови форми, на пример во форма на доброволна работа, општествени и културни активности и производство на добра и услуги за лична употреба. Се очекува дека општеството на вонработно време ќе создаде нови можности за самостојна, независна човекова дејност која ќе го стимулира напредокот, креативноста и волјата на човекот да го обликува својот сопствен личен живот според своите желби. Експертите, исто така, предвидуваат дека со напуштањето на општеството од типот "работење заради материјална добивка", ќе се појават нови цели во животот на човекот кои ќе се движат од општествена состојба на "поактивно и поздраво живеење" кон "посоцијабилно живеење", до "посвесно, понаучно живеење" и кои во исто време ќе го детерминираат однесувањето на потрошувачот.[5]

Но покрај ваквите промени што настануваат на релацијата работно време-слободно (вонработно и ослободено) време, туризмот го афирмира и претпоставува и настанатата промена во старосната структура на светското население, особено во високоразвиените земји. Според податоците од Светската здравствена организација од 1960 до 1990 година човечкиот век е зголемен, односно продолжен за 13,5 години. Просечната должина на животот на родените од 1985 до 1990 година, во економски развиените земји ќе изнесува 74 години, а во неразвиените 61,5 години. Се очекува дека најдолго ќе се живее во Јапонија 78,3 години, во просек нешто помалки на Исланд – 77,5 во Шведска и Швајцарија 77,1, а во Холандија 78,9 години. Во 1900 година во САД просечната должина на човековиот век изнесувала кај мажите 46,4 години, а кај жените 49,4 години; во 1950 година 65, односно 71 година; во 2000-та година се предвидува дека просечниот човечки век ќе биде 72,1 година за мажите, односно 79,5 години за жените. Овие процеси, заедно со намалувањето на раѓањето, доведуваат до стареење на населеието

во целина, односно до зголемување на бројот на старите лица во општата популација која живее на нашата планета. Па така, ако во 1988 година имало 488 милиони лица постари од 60 години, во 2000-та ќе ги има 612 милиони, при што 61 процент ќе бидат во развиените земји. Релативно добрата финансиска и социјална сигурност и големиот квантум на слободно време на овие луѓе нужно упатува дека за нив туризмот ќе биде многу интересен и атрактивен.

**Функција на социјална комуникација.** Социјалната комуникација претставува еден од основните елементи на општествената кохезија. Способноста на човекот да комуницира на еден специфичен начин во својата заедница е фактор на остварувањето на неговата хумана содржина. Оваа комуникација се остварува на различни начини, преку многубројни форми и се проширува со текот на општествениот развој. Така комуникацијата се одвива на локално, регионално, државно и светско ниво. Значајна улога во проширувањето на социјалната комуникација, покрај средствата за масовна комуникација, има и туризмот. Дури може да се каже дека туризмот е индикатор на степенот на социјална комуникација што се остварува меѓу луѓето во определен регион, во целата држава и меѓу народите во светот. Патувајќи, луѓето контактираат и комуницираат со другите луѓе, се запознаваат себеси, ги разменуваат своите искуства и го прошируваат просторот на меѓусебното комуницирање. Денес туризмот и социјалната комуникација имаат планетарни размери. Притоа, преку туризмот доаѓаат до израз и предностите на личната и непосредувана директна меѓусебна комуникација – луѓето остваруваат лични контакти кои имаат поголема специфична тежина од сувата комуникација преку средствата за масовна комуникација.

**Функција на информирање.** Туристите се јавуваат како пренесувачи на разни информации (и дезинформации) за пооделни земји, култури и слично, од и во сопствената средина и од и во средините што ги посетуваат. Истовремено, туризмот е во голема мера зависен од добрата информација. Пред донесувањето на дефинитивната одлука за насоката и дестинацијата на своето патување и престој потенцијалниот турист има потреба од целосни информации за сите значајни прашања што се во врска со условите и квалитетот на патувањето, престојот и можностите за задоволување на неговите културни и други туристички потреби.

**ФУСНОТИ**

1. McIntosh, R. & Goeldner, C. - Tourism principles, practices, philosophies - John Wiley and Sons, 1990, стр. 3
2. Geoffrey Godbey, Leisure in your life, Venture Publishing, inc. 1990, стр. 171
3. Исто, стр. 173
4. Исто, стр. 8
5. Види: Prospective trends in the socio-economic context of education in European market economy countries, German institute for international educational research, Unesco 1990 година.

**Dr. Georgi Tonovski**

## Social Functions of Tourism

*Summary*

*Tourism in its massive form is a phenomenon of modern societies. It has already become an integral part of their culture. From the social point of view, tourism is objectivety existing and clearly differentiated individual social phenomenon, which has its own placc in the social structure. This means that tourism is a subject to the rules of social dynamics, it is influenced by the society but also it has influence on the social development.*

*Tourism, being a social phenomenon, has an objective to contribute for better human life. The social dimension of tourism can be observed through its social functions, each of which has its specific complexity in this process. These functions are part of the humane core of tourism. According to scientific views, these are the social functions of tourism: humane function, ecological function, function of 'cultivator of space' and 'reanimator of space', function of widening the space, cognition function, propaganda funtion, integral function, function of social changes; developmental funtion, normative function, function of achieving group and individual social goalsand interests; function of social communication, informative function.*